Мониторинг и подобрувањенакапацитетотнаинституциитевосправувањесоорганизиранкриминал и корупција
Monitorimidhepërmirësimiikapacitetevetëinstitucionevenëballafaqim me krimin e organizuardhekorrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ

## На судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција

КОАЛИЦИЈА КОАЛИЦИЈА KOALICIONI
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BASO NJAVALO KRISIPE

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски иницијативи и Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

**Во извештајниот период што се однесува на месец февруари 2021 година, беа мониторирани вкупно 37 закажани рочишта за кривични постапки од областа на организираниот криминал и корупцијата, од кои 30 беа одржани, додека 7 беа одложени. Дополнително, 9 термини за рочишта беа отповикани со претходно известување од страна на Судот поради здравствени пречки за присуство поврзани со COVID-19.**

## „27ми април ОРГАНИЗАТОРИ“ КОК-2/20

На 01.02.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 11 сведоци на предлог на одбраната, по што истите беа вкрстено испитани од страна на обвинителството.

Расправата продолжи на 05.02.2021 година, со испитување на 6 сведоци на предлог на одбраната.

На 11.02.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 5 сведоци на предлог на одбраната, додека пак истите беа вкрстено испитани од страна на обвинителството.

На 16.02.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 сведок на предлог на одбраната и беа изведени материјални докази од страна на одбраната - со презентирање на содржината на доказот.

Постапката продолжи на 24.02.2021 година, повторно со испитување на 7 сведоци од страна на одбраната.

.

## КОК-3/19„ТАЛИР“

<u>Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 и „Перење пари и други приноси од казниво дело“ по член 273 од КЗ</u>

На рочиштето за главна расправа одржано на 04.02.2021 година, беа испитани 6 сведоци, најнапред директно од страна на обвинителството, а потоа и вкрстено од страна на одбраната. За време на директното испитување, одбраната на неколку наврати приговараше на прашањата поставени од обвинителот. Судот не го искористи своето право да поставува дополнители прашања за појаснување.

## КОК-7/18 „ТИТАНИК“

На 10.02.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 11 сведоци предложени од страна на обвинителството. Истите потоа беа и вкрстено испитани од страна на одбраната, додека во текот на испитувањето имаше истакнато приговори и од обвинителството и од одбраната.

На 17.02.2021 година, на рочиштето за главна расправа продолжи со испитување на 10 сведоци на предлог на обвинителството. Еден од сведоците се пожали дека бил присилно доведен иако за истото немало причина, додека пак судот донесе наредба за присилно доведување на друг сведок кој требаше да сведочи на рочиштето, бидејќи тој во меѓувреме си заминал.

На 22.02.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани три сведока исто така директно од страна на обвинителството и вкрстено од страна на одбраната.

## КОК-7/20 „ТИТАНИК 2“

На 11.02.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални и вербални докази на предлог на обвинителството.

## КОК -30/20„ШПАНСКИ СКАЛИ“

На 23.02.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на член на судечкиот совет од здравствени причини.

## КОК-47/17„ТАРГЕТ/ТВРДИНА“

На 02.02.2021 година, главната расправа продолжи со дополнение на доказна постапка, во која фаза бешеиспитано вешто лице на предлог на обвинителството, како и технички советник на предлог на одбраната. Двете страни ја искористија можноста за вкрстено испитување, како и за истакнување на приговори за време на испитувањето од спротивната страна. Судот исто така го искористи своето право да поставува прашања за појаснување на дадените одговори од вештакот и техничкиот советник.

На 16.02.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на обвинителството, по што расправата беше прекината.

На 19.02.2021 година, главната расправа продолжи со давање на завршни зборови од страна на одбраната и обвинетите.

На 26.02.2021 година, беше објавена пресудата со која 11 обвинети беа прогласени за винови, од кои на шест обвинети им беше изречена затворска казна, додека на 5 обвинети условна осуда. По барање на обвинителството, судот за еден обвинет определи мерка притвор, а за друг обвинет определи мерка куќен притвор.

## „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20

<u>Предметот се води за кривично дело „Измама“ од член 247, „Перење пари и други приноси од казниво дело“ по член 273 од КЗ.</u>

На 11.02.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази на предлог на обвинителството, преку читање на насловот на доказот од страна на обвинителот.

## КОК-52/17 „Траекторија“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ и кривично дело „Примање награда за противзаконито влијание“ од член 359 став 2 од КЗ.

На 15.02.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет, како и отсуство на обвинет од здравствени причини.

На 25.02.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше изведен материјален доказ на предлог на обвинителството, преку презентирање на неговата содржина од страна на обвинителот. Останатите докази кои беа предложени да се изведат уште не се преведени, поради што расправата беше прекината.

## КОК-53/17 „ТНТ“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 23 став 1 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 в.в. став 1 в.в. член 23 став 1 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 в.в. член 22 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 в.в. со став 1 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 од КЗ.

На рочиштето одржано на 12.02.2021 година, поради повторен почеток на главната расправа, во фаза на доказна постапка, по претходна согласност на странките беа прочитани исказите од испитувањето на двајца сведоци извршено претходно во постапката. Поради тоа што одбраната ги има предложено истите сведоци за директно испитување, истите беа веднаш потоа а потоа истите беа испитани од страна на одбраната.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На рочиштето за главна расправа одржано на 08.02.2021 година, директно беа испитани 5 сведоци од страна на одбраната. Истите беа вкрстено испитани од страна на обвинителството, додека пак судот го искористи своето право да поставува прашања за појаснување на дадените одговори. Рочиштето беше прекинато поради исцрпување на предвидените дејствија.

### КОК-60/17 „Трезор“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 3 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 3 и став 1 в.в. со член 24 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа одржано на 05.02.2021 година, во дополнението на доказната постапка беа изведени материјални докази од страна на обвинителството преку читање на насловот на доказот.

На 12.02.2021 година, постапката продолжи со изведување на материјални докази од страна на обвинителството, но овој пат со презентирање на содржината на доказот.

### К-64/20 „Колибри“

Предметот се води за кривично дело „ Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори„ од член 215 од КЗ.

На 24.02.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

**„МОНСТРУМ“ КОК-66/17**

На 03.02.2021 година, на рочиштето за главен претрес беа дадени завршни зборови од оштетените и одбраната.

На 23.02.2021 година, Судот јавно ја објави пресудата со која на 3 обвинети им изрече казна доживотен затвор, додека пак на 1 обвинет казна затвор од 15 години, а на друг обвинет казна затвор од 9 години. Исто така, Судот за еден обвинет донесе одбивателна пресуда, со оглед на тоа дека јавниот обвинител го повлече обвинението.

## КОК-88/15 „Изгрев“

На 08.02.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на еден од обвинетите од здравствени причини.

## К-817/11 „Мaџар Телеком“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување“ од член 353 став 5 вв став 4 и став 1 од КЗ, постапката е по стариот ЗКП

На рочиштето за главен претрес одржано на26.02.2021 година, странките расправаа по однос на предлогот на одбраната за изведување на нови материјални и вербални докази. По дискусијата помеѓу странките и судот, судечкиот совет ги прифати материјалните докази предложени на одбраната и истите ги изведе, додека пак предлогот за сослушување на сведок беше одбиен поради недостиг на образложенија од страна на одбраната дека сведокот има релевантни сознанија за овој предмет. Претресот ќе продолжи на 24.03.2021.

## К-1493/17 „Тотал“

Предметот се води за кривично дело „Даночно затајување“ од член 279 став 2 вв став 1 вв член 45 од КЗ.

Рочиштето за главна расправа на ден 15.02.2021 се одложи по барање на одбраната за увид во списите од предметот.

На 17.02.2021 година, поради протек од 90 дена, но и промена на судечкиот совет, расправата започна одново.Странките само истакнаа дека остануваат на веќе дадените воведни говори, по што започна фазата на доказна постапка во чии рамки беа изведени материјални докази (аудио снимки) од страна на јавниот обвинител. Поради заштита на приватниот живот на обвинетиот, во еден дел од расправата јавноста беше исклучена.

## К-1925/20 „Тревник“

Предметот се води за кривично дело „Бесправно градење“ од член 244-а од КЗ.

На ден 11.02.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа презентирани материјални докази од страна на јавниот обвинител преку презентирање на содржината на доказот. Рочиштето беше прекинато поради исцрпување на предвидените процесни дејствија.

Рочиштето за главна расправа на ден 12.02.2021 година беше одложено поради отсуство на претседателот на судечкиот совет. Нов термин на кој ќе продолжи расправата е 04.03.2021.

## К-1959/17 „Тортура“

Предметот се води за кривично дело „Мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување“ од член 142 став 1 од КЗ.

На 01.02.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 обвинет на предлог на одбраната. Јавниот обвинител имаше прилика да го испита обвинетиот вкрстено, во која фаза побара и да биде прочитан исказот на обвинетиот даден во претходната постапка поради разлики во исказите на обвинетиот во истрагата и на главната расправа.

## К-2616/20„МОЌНИК“

Предметот се води за кривично дело „Измама“ од член 247 став 4 и „Злоупотреба на службена положба и овластување“ од член 353 став 2 од КЗ.

Рочиштето за главна расправа на 17.02.2021 година се одложи по барање на одбраната, заради превод на списи од предметот согласно Законот за употреба на јазиците.

На 22.02.2021 година, пред започнување на рочиштето за главна расправа, претседателот на судечкиот совет констатираше дека до обвинетите е доставен превод на списите, како и дека е обезбеден преведувач за симултан превод на судењето, меѓутоа обвинетите се откажаа од правото на преведувач. Преведувачот сепак остана да биде присутен во текот на целото рочиште како би немало повторно одлагање доколку е потребен превод. Потоа беа дадени воведни говори од обвинителството, одбраната и обвинетите, но судечкиот совет не ги праша обвинетите дали разбираат за што се обвинети и не им ги даде поуки за правата пред истите да го дадат својот воведен говор.

## К-2799/20 „Друмарина“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување„ од член 353 од КЗ

На 17.02.2021 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беа испитани 4 сведоци на предлог на обвинителството, а истите беа и вкрстено испитани од страна на одбраната. Во текот на испитувањето спротивната страна истакнуваше приговори, додека судот реагираше во неколку наврати на поставените прашања од страна на одбраната без да има истакнато приговор од спротивната страна.

## Коментар:

Во текот на овој месец, со задоволство може да констатираме повисока ефикасност на судот. Во таа насока само мал дел од рочиштата се одложени и покрај присуството на пандемијата со вирусот COVID-19.

За поздравување е дека при изведувањето на доказите судот и странките во голема мерка ги почитувале правилата за директно и вкрстено испитување, па така и судот во поретки случаи се впуштал во дополнително разјаснување на исказите на сведоците.

Интересно е да се напомене дека се потврдува увидената практика на шареноликост при изведувањето на материјалните докази, па така во одредени рочишта странките само ги набројувале материјалните докази, додека во други била користена посакуваната форма на изведување на овие докази каде покрај набројувањето е образложуван и нивниот контекст и кратка содржина. Во таа насока сметаме дека ЗКП би требало да содржи јасни правила во насока на изведувањето на овие доказни средства.

Во еден случај е увидена практика на судот да не ги извести обвинетите за нивните права по објаснувањето на причините зошто се обвинети. Сметаме дека оваа практика не би требало да се толерира и ваквиот пропуст на судот да биде елиминиран од судската практика.

За поздравување е фактот дека судовите соодветно го менаџирале обемот на работа на рочиштата од главната расправа, па во неколку случаи дури целосно ги исцрпеле предвидените процесни дејствија за работа на конкретното рочиште. Во таа насока за поздравување и соодветната примена од страна на судот на процесните механизми за обезбедување на присуството на сведоците, со што евидентно се зголемува и процесната ефикасност.